romaversitas
north macedonia

ROMA EDUCATION FUND

Funded by
the European Union

# ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ

## за кариерно советување за студенти Роми

Во рамките на проектот:
„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на пристапот и учеството на студентите Роми во високото образование и транзицијата на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик експерт за кариерно советување за студенти Роми.

**<u>Опис на активноста</u>**

За период од 4 месеци, 10 студенти ќе имаат можност да ги користат услугите на експерт за кариерно советување. Истиот ќе развие Индивидуални Кариерни Планови и ќе помогне при стекнување на посакуваните меки вештини на студентите Роми. Дополнително ќе се одржуваат месечни состаноци на кои студентите ќе можат да се информираат за тековните потреби на пазарот на трудот, овозможувајќи им на апсолвентите да донесат информирани одлуки за својата идна професија. На крајот од активноста, експертот ќе биде задолжен да поднесе извештај.

**<u>Цели на активноста</u>**

- Да им помогне на студентите Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел студентите да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на студентите да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на студентите лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат студентите при транзиција на пазарот на трудот и идентификување на посакуваната работа.

**<u>Работни задачи на истражувачот-експерт</u>**

- Да достави 10 индивидуални кариерни планови (за секој студент по еден);
- Да достави финален наративен извештај за неговиот ангажман.

**<u>Основни критериуми:</u>**

- Соодветно високо образование
- Соодветно работно искуство
- Да има одлични истражувачки и аналитички способности
- Да имаат способности за планирање и организација

romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND

Funded by the European Union

**Потребни Документи за пријавување за експерт**

За пријавување за експерт треба да се доставаат следните документи:

- кратка биографија
- диплома за завршено соодветно образование
- Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 30.12.2025 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или во просториите на Ромаверзиас, со назнака: Апликација за експерт за кариерно советување за студенти Роми.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union